**ЗАПИСНИК**
**од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 29.05.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.05.2023 година.
2. Предлог за донесување на одлука за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година, со предлог – одлука.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на издавачот на печатен медиум КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
4. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ од Струмица.
5. Предлог за започнување јавна консултација за измени и дополнувања на „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување“.
6. Предлог-информација до органот надлежен за авторските права и сродните права поради сомневање дека е сторена повреда.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.05.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за донесување на Одлука за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година. Објасни дека со предложениот ребаланс нема да се зголемат приходите и расходите на Агенцијата, туку само средствата ќе се прераспределат од една нереализирана јавна набавка со висина од 5.310.000,00 денари кои пред сè ќе бидат наменети за дообезбедување средства за реализирање на јавната набавка за одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата и за други две ставки кои не се потрошени, но заради економските движења во државата се очекува наредниот период да има потреба да се надополнат со финансиски средства. Уште еднаш напомена дека нема да има зголемување ниту на приходната ставка ниту на расходната, туку само ќе следи внатрешна прераспределба на средствата. Посочи дека во материјалите детално се наведени ставките во кои ќе се изврши измената.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува Ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година, бр. 05-767/1 од 16.02.2023 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година остануваат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 149.530.505,00 денари.

Со предложениот ребаланс ќе се обезбедат финансиски средства во вкупен износ од 5.310.000,00 денари, наменети за:

- Зголемување на финансиските средства потребни за склучување договор за јавна набавка-одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата во износ од 436.600,00 денари;
- Зголемување на финансиски средства потребни за исплата на судски такси во износ од 100.000,00 денари;
- Зголемување на финансиски средства потребни за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата, во износ од 850.000,00 денари и
- Зголемување на финансиски средства потребни за исплата на плата на вработените во Агенцијата, во износ од 3.923.400,00 денари.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на издавачот на печатен медиум КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, за прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека овој издавач на печатен медиум не ја исполни во целост обврската од овој член односно недостасуваат податоците што импресум кој треба да ги содржи. Кога Агенцијата побарала од нив да се изјаснат во врска со прекршокот тие објасниле дека ова списание излегува еднаш годишно и дека веќе од следното издание ќе имаат предвид оваа обврска од Законот во целост да ја исполнат.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден административен надзор, бр.03-1756/1 од 06.04.2023 година и едногласно заклучи на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „The Economist", да му изрече мерка јавна опомена затоа што во изданието бр.5 од јануари 2023 година, не ја исполнило во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект.

Секторот за стратешко планирање и заштита на авторските права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ од Струмица. Објасни дека побарана е согласност да истапи сегашниот единствен сопственик и да пристапи правно лице Друштво за градежништво производство трговија и услуги СИНЕРЏИ ГРУП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица чии што сопственици се две физички лица. Секторот направил проверка во Централен регистар на РСМ при што е констатирано дека овие две физички лица се јавуваат како основачи на неколку фирми но ниту една од овие не е регистрирана за дејности кои се спротивни на Законот. Од таа причина предлогот е да се одобри планираната промена.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за започнување јавна консултација за измени и дополнувања на „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување". Објасни дека радиодифузерот КАНАЛ 77 на 24 март минатата година поднесе иста ваква иницијатива, но истовремено ја поднесе иницијативата и до Уставен суд. Тогаш Советот донесе Заклучок дека до донесување на одлуката од Уставен суд сите активности по ова иницијатива ќе ги стави во мирување. Во меѓувреме судот поведе постапка за оценување на уставноста по овој Правилник. На 17 мај оваа година радиодифузерот КАНАЛ 77 повторно поднесе иницијатива за измена на Правилникот во делот за кадровските услови. Барањето е да се укине можноста да има ангажирани и вработени лица кај радиодифузерите со договор на дело или авторски договор, туку да бидат вработени преку Агенцијата за вработување. Потсети дека и претходно имаше ваква ситуација со Барањето на ЗНМ за да се промени истиот овој Правилник за да радиодифузерите добијат дописници. Со оглед дека е во тек постапката пред Уставен суд, се предлага да се отвори јавна консултација, да се поканат радиодифузерите и предлагачот за да се произнесат и да се види нивниот став, а можеби во меѓувреме Уставниот суд ќе заседава и ќе донесе конечна одлука.

Г-дин Ајдини рече колку што ги знае приликите и економската состојба на радиодифузерите, тие и со постојниот Правилник за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување тешко ги исполнуваат и овие критериуми. Кога овој Правилник беше ставен како Нацрт верзија на јавна расправа во 2014 година од радиодифузерите не беше доставена ниту една забелешка. Сега претпоставува дека е јасна целта на поднесувачот на иницијативата, но како што кажал и директорот се согласува да има јавна консултација па да се види каков ќе биде исходот на крај.

Г-дин Фиданоски рече дека дава поддршка да се отвори јавна консултација по ова прашање. Наведе дека се согласува со констатацијата што стои во материјалот по оваа точка, дека Агенцијата и членовите на Советот до крај ќе ја почитуваат секоја одлука што како конечна ќе биде донесена од Уставниот суд по ова прашање. Според него за да се донесе конечната одлука треба да помине еден одреден период, кој според негова проценка, знаејќи ја динамиката на работата на Уставниот суд, може да се случи по завршување на летните одмори. До тогаш рече не е лошо еснафот да се праша во кој правец размислува по основ на овој Правилник, по прашањето кое доста долго ја преокупира јавноста, пред сè медиумите. Според него, Агенцијата има професионално солидно испратен одговор на Барањето од Уставниот суд во врска со иницијативата, бидејќи наведени се сите аспекти што Агенцијата треба да ги даде како аргумент зошто таков Правилник е во сила. Верува дека ќе се избере најдоброто

решение, дека јавната консултација што ќе следи прво ќе побуди солиден интерес од медиумите и од нив очекуваат конструктивен придонес за да се добие најдобро можно решение за идниот правилник што евентуално би се донел како измена на постојниот а по донесена конечна одлука на Уставниот суд.

Г-дин Петрушевски рече дека и за него е добар предлогот за одржување на јавна консултација каде ќе се добие можност да се види процентуално колку од радиодифузерите се за оваа иницијатива, а колку се за да остане постојниот член. Знаејќи ги финансиските можности претпоставува дека сите мали радија и телевизии ќе бидат против ова, но сепак ќе се види како на крајот ќе се изјаснат.

Г-дин Фиданоски рече дека се уште не се знае како ќе биде, можно е со јавната консултација да се добијат и други предлози во насока да се измени бројот на задолжително вработени и слично кој што ќе биде прифатлив за сите.

Г-дин Петрушевски рече дека затоа е добро да се слушнат повеќе мислења.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Заклучок да се започне јавна консултација за измена на „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување“ (Пречистен текст) бр.01-3747/1 од 06.10.2022 година, по донесено Решение од Уставен суд на РСМ во кој процес ќе се поканат сите заинтересирани страни (радија и телевизии) да го изразат своето мислење во врска со евентуалните измени на наведениот Правилник.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-информацијата до органот надлежен за авторските права и сродните права поради сомневање дека е сторена повреда. Објасни дека Агенцијата е известена дека ТВ Телма има склучен договор за авторски права за одредена телевизиска серија која што операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Македонски Телеком на еден од каналите ја емитува преку својата мрежа. Но бидејќи ТВ Телма наведува дека таа ги има авторските права, се предлага да се испрати информација до надлежниот орган и доколку има прекршување на Законот за авторски и сродни права да поведе соодветна постапка.

Советот на Агенцијата, врз основа на добиеното Барање за утврдување на неовластено и противзаконско емитување од страна на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ ТЕЛМА Скопје (наш бр.11-2191/1 од 22.05.2023 година) со кое ТВ Телма бара Агенцијата да преземе соодветни дејствија согласно член 18 став 1 алинеја 7 од ЗААВМУ, едногласно одлучи до Министерството за внатрешни работи – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал да ја достави Информацијата за постоење сомневање на сторена повреда на авторските права и сродните права од страна на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје, со текст како што беше предложена.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-2231/7**

**05.06 2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**_______________________**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**